ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-160/2
24.10 20 23 год.
ВЕЛЕС

[redacted]

Предмет: Одговор на барање за информација од јавен карактер

Почитувани,

Согласно Вашето барање за информација од јавен карактер, во прилог се одговорите на Вашите прашања:

1. Во која фаза е изградбата на регионалниот стационар за бездомни кучиња ?

„Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион - ШЕПА" се одвиваат со забрзана динамика, и истите се во завршна фаза. Целокупниот проект, односно сите предвидени активности согласно Договорот со донаторот треба да бидат реализирани најдоцна до крајот на 2024 година.

2. Колкав капацитет за згрижување е предвиден и каков третман на кучињата?

Во „Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарски плански регион - ШЕПА" се изградени 72 бокса исто така има и:

- простор/просторија за прием на животни
- простории за преглед и медицински третман на животните
- простории за сместување и чување животни
- карантин на животните
- простор за посети и посвојување
- простор/просторија за постоперативна нега
- просторија за спроведување на тест за социјализација на кучиња
- просторија за складирање на средства за дезинфекција
- просторија за складирање и подготовка на храна
- ладилник за складирање на животински трупови
- соби за персонал - административен дел

Бездомното животно откако ќе биде заловено ќе му се обезбеди целосен хуман третман кој вклучува: крвна слика, тест за лишманија по единствена акредитирана метода (кој е задолжителен согласно годишната наредба на Агенцијата за храна и ветеринарство), терапија против внатрешни и надворешни паразити, вакцинација против заразни болести и

беснило, кастрација/стерилизација, микрочипирање, обележување со ушна маркица, престој и ресоцијализација.

3. Како ќе се финансира стационарот?

Моделот на финансирање на идните оперативни трошоци, односно постигнување финансиска одржливост на натамошното функционирање на проектот, ќе биде остварено од страна на деветте општини од Вардарскиот регион. Имено, во моментов се работи на оформување на Јавно претпријатие каде што основачи се сите девет општини во ВПР. Истите ќе ги обезбедат потребните средства за идните оперативни трошоци, согласно бројот на жители за секоја општина, што несомнено е во нивни заеднички интерес. Имено, за остварените варијабилни трошоци, јавното претпријатие ќе доставува фактура по заловено куче до секоја општина од каде што се заловило бездомното животно. Едногласно се усвои моделот за управување од страна на градоначалниците на Седница на Совет на ВПР.

Со почит,

Изработил:
Душица Габерова

Центар за развој на Варадрски плански регион
Директор
Сашо Мошев